ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ДИСЦИПЛИНСКИ ПРАВИЛНИК

Скопје, Декември 2019 година

# СОДРЖИНА

1. Основни одредби
2. Поведување на дисциплинска постапка
3. Дисциплински прекршоци
4. Дисциплински казни
5. Право на жалба
6. Скратена постапка
7. Завршни одредби

## 1. Основни одредби

**Член 1**

Правилникот за дисциплинска постапка на Тениска Федерација на Северна Македонија(во понатамошниот текст ТФСМ), се однесува на дисциплинските прекршоци на тениските организации и екипи, играчите,родителите на играчите и останатите лица кои го придружуваат играчот, тениските функционери (Делегати, судии, организатори, водачи на пат, капитени, тренери и други службени лица), направени за време на натпреварите или во врска со натпреварите и тоа:

- Натпревари на тениските репрезентации
- Државните првенства
- Отворените првенства
- Екипните првенства
- Лига и куп натпреварите
- Меѓународните поединечни и екипни натпревари во организација на ТФСМ
- Натпревари во странство

**Член 2**

Со овој Правилник се пропишуваат постапките за утврдување на дисциплинските прекршоци, претходната постапка, застареност на покренување и водење на постапка, дисциплинските прекршоци, дисциплинските казни, правото на жалба, мерки за ублажување на казната и скратената постапка.

**Член 3**

Дисциплинска одговорност по основ на овој Правилник повлекува секој прекршок кој е направен намерно или од немар и со кој се нанесува штета на тенискиот спорт во Македонија.

## 2. Поведување на дисциплинска постапка

**Член 4**

Дисциплинска постапка се поведува врз основа на писмен предлог од Основната организација и нивната асоцијација, Државниот селектор, Делегат, Врховен судија и други овластени лица и форуми ако се работи за прекршоци направени во странство.

Предлог за поведување на дисциплинска постапка се поднесува во рок од 8 дена од сознанието за сторениот прекршок.

**Член 5**

Писмениот предлог се поднесува до Дисциплинската комисија на ТФСМ која е должна веднаш по пријавата да побара, од тениската организација или од лицето против кого е поднесена дисциплинска пријава, писмена изјава во рок од 15 дена.

Член 6

Ако Дисциплинската комисија од наодите на писмената пријава заклучи дека се работи за тешка повреда на дисциплината, во текот на претходната постапка може да го суспендира лицето против кое е поднесена пријавата. Суспензија може да се даде и на екипа, ако повеќе нејзини членови учествувале во извршување на потежок дисциплински прекршок. Може да се суспендира теренот на клубот во кој дошло до потежок инцидент за време на натпреварот како резултат на пропуст на организаторот.

Суспензијата се изрекува во писмена форма и трае до правосилноста на одлуката за дисциплинскиот прекршок, но не подолго од 6 месеци. Времето на суспензијата се пресметува во казната за забрана на играње, забрана на присуство, одржување на натпревари или обавување на некоја функција.

**Член 7**

По приемот на писмената изјава од страна на организацијата или лицето против кое е поднесена пријава, односно по истекот на рокот за давање на изјава, Дисциплинската комисија, во рок од 30 дена, е должна да донесе Одлука за дисциплинската одговорност на организацијата или лицето.

**Член 8**

Поведување на дисциплинска постапка застарува во рок од 6 месеци од денот на сознанието за направен прекршок. Со тоа после поминатиот рок од 1 година од денот на сторениот прекршок не може да се поведе ни води дисциплинска постапка против прекршителот.

**Член 9**

Дисциплинската постапка ја води Дисциплинската комисија на ТФСМ која се состои од Претседател, два члена и нивни заменик, кои ги бира Управниот одбор на ТФСМ со мандат од 4(четири) години.

**Член 10**

Комисијата секогаш работи во полн состав. Во случај на отсуство или спреченост на некој член, во работата на Дисциплинската Комисија учествува неговиот заменик.

**Член 11**

Расправата пред дисциплинската комисија е јавна.

Во текот на дисциплинската постапка, комисијата може да ги сослуша сведоците и да изврши увид во документацијата, ако смета дека тоа е потребно за донесување на правилна одлука. За текот на седницата се води записник во кој се внесуваат текот на расправата и диспозитивите на донесените одлуки.

**Член 12**

Исклучително кога претседателот на Дисциплинската комисија утврди дека врз снова на наодите содржани во пријавата, изјавата на лицето против кое е поднесена пријава и собирњето на писмени докази, може да донесе одлука без да одржи расправа, а со членовите на комисијата телефонски да се консултира за висината на казната.

**3. Дисциплински прекршоци**

**Член 13**

**а**. Дисциплински прекршоци на играчите и тренерите се:

- не јавување на припреми и настапи за репразентацијата на Македонија
- одбивање да настапи на натпревари од член 1 од овој Правилник
- неоправдано предавање на играта без борба или наговарање други играчи да го направат истото
- заминување во странство во својство на играч или тренер, против одредбите на Правилникот за регистрација на ТФСМ
- повреда на правилата за однесување
- повреда на Правилата и Прописите за тениско натпреварување или други нормативни акти на ТФСМ
- неодигрување на сите предвидени натпревари
- давање на невистинити изјави кои му штетат на угледот на тенискиот спорт и угледот на Република С. Македонија.

**б**. Дисциплински прекршоци на функционерите се:

- организирање на натпревари без дозвола на надлежниот тениски орган
- давање на неточни податоци за учесниците и организаторите на турнирот
- влијание на жрепката
- склучување на договор со кој се нанесува штета на тенискиот спорт и угледот на Република С.. Македонија
- давање на невистинити изјави во врска со тенискиот спорт
- недоставување на писмени извештаи и записници до надлежните органи
- кршење на одредбите од Статутот и Правилата и Прописите за тениски натпревари,

Правилникот за регистрација и други нормативни акти и упатствија на МТФ. На казнување по одредбите на овој став подлегнуваат и родителите на кои им е поверена било каква функција во тениското натпреварување или во самото натпреварување.

**в**. Дисциплински прекршоци на екипа или организација се:

- неодржување на екипни средби
- лажирање на натпревари
- недолично и неспортско однесување на членовите на екипата

- неизвршување или неуредно извршување на обврските спрема ТФСМ

**г.** Дисциплински прекршоци на родители на играчите и останати лица

- повреда на правилата за однесување
- повреда на Правилата и Прописите за тениско натпреварување или други нормативни акти на ТФСМ
- недолично и неспортско однесување

**4. Дисциплински казни**

**Член 14**

Дисциплински казни се:

**а**. за играчи:

- опомена
- укор
- забрана за настапување на натпревари во траење од 1 месец до 2 години
- трајна забрана за настапување на натпревари

**б**. за функционери:

- опомена
- укор
- забрана за работа и обавување на функции во тениските организации во траење од 6 месеци до 2 години
- трајна забрана за работа и обавување на функции во тениските организации

**в**. за организации и екипи:

- забрана за одржување на одредени натпревари
- забрана за одржување на државни натпревари во траење од 1 година
- исклучување на екипата од понатамошно натпреварување
- забрана за учество на државни натпревари до 1 година.

**г**. за родители и останати лица

- опомена
- укор
- забрана за присуствување на натпревари во траење од 1 месец до 1 година
- трајна забрана за присуствување на натпревари

**Член 15**

При одмерувањето на казната комисијата е должна да ги поднесе сите олеснителни и отежнувачки околности. Во случај на извршување на повеќе прекршоци во низ, се изрекува една единствена казна за сите направени прекршоци.

Член 16

Евиденција за сите изречени дисциплински казни и сторители води МТФ.
Сите казни, освен казната за трајна забрана за играње односно обавување на функција во тениските организации, се бришат по 3 (три) години од денот на истекнување на казната, под услов во меѓувреме да не е направен нов дисциплински прекршок.

## 5. Право на жалба

**Член 17**

Против одлуката за суспензија, играчот, екипата, клубот или функционерот, родители и останати лица, имаат право на приговор до Дисциплинската комисија на ТФСМ во рок од 8 дена од денот на прием на одлуката за суспензија.Дисциплинската комисија е должна во рок од 8 дена да донесе одлука во врска со поднесениот приговор со која може да се потврди , намали или укине суспензијата.

**Член 18**

Против решението на Дисциплинската комисија на ТФСМ, казнетите лица имаат право на жалба до Управниот одбор на ТФСМ во рок од 8 дена од денот на приемот на решението. Одлуката на Управниот одбор на ТФСМ донесена по жалбата е конечна. Со денот на правосилноста на решението почнува да тече изречената дисциплинска казна.

## 6. Скратена постапка

**Член 19**

Скратената постапка се применува при повреда на правилата на однесување од страна на играчот за време на тениските натпревари. За повреда на правилото на однесување се доделуваат казнени поени и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| - | неприфатлива облека и несоодветна облека во двојки | 5 поени |
| - | напуштање на терен | 5 - 25 поени |
| - | максимално вложување | 25 поени |
| - | несакање да се заврши натпреварот | 25 поени |
| - | совети од тренерот | 10 - 25 поени |
| - | злоупотреба на топка | 5 - 15 поени |
| - | злоупотреба на рекет или опрема | 5 - 20 поени |
| - | вербална навреда | 10 - 30 поени |
| - | недолично изразување | 10 - 25 поени |
| - | недолични гестови | 10 - 25 поени |
| - | неспортско однесување | 5 - 25 поени |
| - | физичко злоставување | дисквалификација |

Сите овие казни подробно се објаснети во Правилата И Прописите за натпревари.

**Член 20**

Врз основа на исказот на главниот судија, Делегатот / Врхниот судија ја одредува висината на казната на играчот и истата ја внесува во својот извештај.

**Член 21**

Играчот кој ќе го исполни бонусот од 100 негативни поени, во следните 30 дена не може да настапува на тениските натпревари во земјава.

**Член 22**

Доколку играчот во текот на турнирот го исполни бонусот од 100 казнени поени, забраната за учество стапува на сила по завршувањето на турнирот. Евидентирањето и кумулирањето на негативните поени се врши во текот на една натпреварувачка сезона и не се пренесува во следната година.

**7. Завршни одредби**

**Член 23**

Основните тениски организации се должни своите членови да ги запознаат со овој Правилник.

Непознавањето на одредбите од овој Правилник не го ослободува сторителот на дисциплинскиот прекршок од одговорност.

**Тениска Федерација на Северна Македонија**
**Претседател,**

Скопје, __.12.2019 година **Александар Ивановски**